**З А П И С Н И К**
**бр. 24**

Од одржаната 24-та редовна седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 19.12.2018 год. со почеток во 12:30 ч, во салата за состаноци во општината. Седницата започна со сите советници. Останати присутни:Градоначалникот Блаже Станков, Методи Николов, Горан Кокев, и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот:

**Предлог Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. **Усвојување на записникот од 23-тата седница.**
2. **Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на тарифата за снабдување со вода за пиење за 2019 год во висина од 26ден/м3 донесена од страна на УО на КЈП Водна Кула Зрновци согласно Решението од Регулаторната комисија**
3. **Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на тарифата за собирање и одведување на урбани отпадни води за 2019 год во висина од 6ден/м3 донесена од страна на УО на КЈП Водна Кула Зрновци согласно Решението од Регулаторната комисија**
4. **Одлука за давање на согласност на Одлуката донесена од страна на УО на КЈП Водна Кула Зрновци за спроведување на Решението на РК дека цената на вода за пиење и цената за собирање и одведување на урбани отпадни води во наредните 3 години процентуално ќе се зголемуваат во висина од 5%.**
5. **Одлука за одобрување на простор – Плоштадот во Зрновци за одржување на Панаѓур за деновите 28,29 и 30 декември 2018 год.**
6. **Разно**

<u>Тек на седницата:</u>

Претседателот ги поздрави сите присутни, ја отвори седницата и побара дискусија по дневниот ред. За збор се јави Јохан Горгиев кој кажа дека немал време да ги разгледа материјалите дека постојано ова се прави и дека ќе преземе мерки против тоа. Од страна на Претседавачот му беше одговорено дека оваа седница е свикана само поради итноста на точките инаку требало седница да има на 24-ти. Методи Николов кажа дека имало и ќе има постојано ситуации кога се наметнуваат итни точки на седница на Совет. Благој Данев ја појасни итноста на трите точки поради исполнување на критериумите за грантот за успешност од Министерството за финансии. Немаше други дискусии и дневниот ред беше усвоен со 6-ЗА гласа и 3 – воздржани.

1. **Усвојување на записникот од 23-тата седница.**

Претседавачот отвори дисксуија по записникот. Никој не се јави и записникот беше усвоен со 9-ЗА гласа.

2. **Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на тарифата за снабдување со вода за пиење за 2019 год во висина од 26ден/м3 донесена од страна на УО на КЈП Водна Кула Зрновци согласно Решението од Регулаторната комисија.**

Претседавачот отвори дискусија по точката и даде збор на Горан Кокев. Тој појасни дека врз основа на Решението на Регулаторната комија УО на КЈП донело одлука за цена на водата да изнесува 26 ден/м3. Виктор Новков праша зошто е цената 26ден а не е онаа минималната? Виктор Ангелов кажа дека ова е прв пат досега КЈП да формира цена врз основа на решение од РК. Досега била формирана на друг начин и некои не плаќале воопшто некои плаќале помалку а некои си плаќале редовно. И сега поради сите тие проблеми од минатото на некој начин се казнети редовните плаќачи со повисока цена на водата. Директорот кажа дека сега сите плаќаат онолку колку си потрошат и дека просек во МК било 50 – 63% од водата произведена од КЈП да е загуба односно нефактурирана вода. Во 13:00 пристигна Градоначалникот на седницата. Претседателот кажа дека се согласува со кажувањата на Виктор Ангелов и дека цената на водата не е висока туку треба да се настојува сите да си ги плаќаат сметките. Горан Кокев кажа дека како основа за изработка на Бизнис планот на КЈП е земена состојбата од 2017 год. Немаше понатамошни дискусии и Одлуката беше донесена со 5-ЗА гласа 1-против и 3 воздржани.

3. **Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на тарифата за собирање и одведување на урбани отпадни води за 2019 год во висина од 6ден/м3 донесена од страна на УО на КЈП Водна Кула Зрновци согласно Решението од Регулаторната комисија.**

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на Горан Кокев да ја образложи . Тој кажа дека одлуката е врз основа на Решението од РК и фактички е усвоена истата цена и од порано, односно 6ден/м3. За збор се јави Јохан



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Горгиев кој праша дали во бизнис планот е ставено некаква инвестиција за во иднина? Му беше одговорено дека станува збор само за ситни инвестиции бидејќи проектот за реконструкција на секундарната водоводна мрежа и замена на саати не биле прифатени од РК поради необезбедени средства. Одлуката беше усвоена со 5-ЗА гласа, и 4 воздржани.

**4. Одлука за давање на согласност на Одлуката донесена од страна на УО на КЈП Водна Кула Зрновци за спроведување на Решението на РК дека цената на вода за пиење и цената за собирање и одведување на урбани отпадни води во наредните 3 години процентуално ќе се зголемуваат во висина од 5%.**

Претседателот отвори дискусија по точката. Горан Кокев ја објасни потребата од донесување на оваа одлука по препорака на РК. Јохан Горгиев се јави за збор и кажа дека според одлуката цената на вода за пиење ќе достигне и до 30ден/м3. За збор се јави Градоначалникот кој даде звое видување. Тој кажа дека и негова интенција било да се оди со најниските цени според препораката на РК. Тој кажа дека мора да се настојува пред се сите граѓани да си ги плаќаат своите сметки и да се фактурираат вистински потрошените кубици. Тој кажа дека бил присутен на состанокот со комисијата и дека ова покачување од 5% е нивно барање. Мора КЈП да остане солвентно и да си ги обавува своите дејности. Горан Кокев кажа дека табелата од Регулаторната комија ќе биде доставена до граѓаните заедно со наредната сметка за вода. Одлуката беше донесена со 5-ЗА гласа и 4 воздржани.

**5. Одлука за одобрување на простор – Плоштадот во Зрновци за одржување на Панаѓур за деновите 28,29 и 30 декември 2018 год.**

Претседателот отвори дискусија по точката. Градоначалникот се јави за збор и ги информира советниците дека имало една иницијатива од приватна фирма која веќе организира панаѓури низ целата МК да се организира панаѓур и во Зрновци. Побарале простор од околу 300м2. Тој ги советувал да си достават барање до Советот. Тој кажа дека се планира поставување од околу 30 тезги со најразлична стока и дека обично плаќале по 5 ден/м2 во другите општини, но на советниците останува да дискутираат и се договорат. Беше кажано дека како иницијатива е добра и истата треба да се подржи со интенција доколку се покаже позитивна истата да стане традиционална со летен и зимски панаѓур. Беше предложено од страна на Претседателот цената по м2 да е 5 ден односно за 3-те дена фирмата да уплати 4.500 ден и тоа на сметката на КЈП Водна Кула. Одлуката беше изгласана со 9-ЗА гласа.

**6. Разно**

Претседателот отвори дискусија по точката. За збор се јави Виктор Ангелов кој побара Директорката на детскта градинка да дојде на седница на совет и да даде извештај за работата и да одговори на прашања на советниците бидејќи имало многу проблеми и прашања од страна на незадоволни родители. Му беше одговорено од страна на методи Николов дека ваквото барање треба да биде покриено зо закон бидејќи за директорот на КЈП тоа било во Законот нотирано но во Законот за Детска заштита такво нешто не се барало. Беше кажано и дека за сите проблеми треба да се бара решение во рамки на Советот на родители, управниот одбор на градинката како и стручните служби.

Немаше понатамошна дискусија и седницата заврши во 13:48.

**Записничар** — **Претседател на Совет на општина Зрновци**

**Благој Данев** — **Владо Ристов**



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)